**РЕГУЛАТИВА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ (ЕУ) 2022/2203 НА КОМИСИЈАТА**

**од 11 ноември 2022 година**

**за измена и дополнување на Регулативата (ЕУ) бр. 965/2012 во однос на применливоста на барањето за лоцирање на воздухоплови во неволја**

ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА,

имајќи го предвид Договорот за функционирањето на Европската Унија,

имајќи ја предвид Регулативата (ЕУ) бр. 2018/1139 на Европскиот парламент и на Советот, од 4 јули 2018 година, за заеднички правила во областа на цивилното воздухопловство и за основање на Агенција на Европската Унија за безбедност во воздухопловството, и за изменување и дополнување на регулативите (ЕЗ) бр. 2111/2005, (ЕЗ) бр. 1008/2008, (ЕУ) бр. 996/2010, (ЕУ) бр. 376/2014 и директивите 2014/30/ЕУ и 2014/53/ЕУ на Европскиот парламент и на Советот, и за укинување на регулативите (ЕЗ) бр. 552/2004 и (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот и Регулатива (ЕЕЗ) бр. 3922/91([1]) на Советот, и особено од член 31 од истата,

со оглед на тоа што:

(1) Стандардот 6.18.1 на ICAO е вграден во точка CAT.GEN.MPA.210 од Анекс IV (Дел-CAT) од Регулативата (ЕУ) бр. 965/2012([2]) на Комисијата, кој бара одредени авиони да бидат опремени со робусна и автоматска опрема која, по несреќа во која авионот е тешко оштетен, точно ја одредува позицијата од крајната точка на летот.

(2) На својот 16-ти состанок како дел од својата 226-та сесија, одржана на 18 јули 2022 година, Советот на ICAO го усвои 48-от амандман од Дел I од Анекс 6 од ICAO. Амандманот го одложува датумот на стапување во сила на стандардот 6.18.1 на ICAO до 1 јануари 2025 година и ја ограничува неговата применливост на авионите на кои по првпат им се издадени индивидуални Уверенија за пловидбеност (CofA) на или по 1 јануари 2024 година.

(3) Овој амандман има за цел: (i) да го реши проблемот со значителни доцнења со кои се соочуваат сите производители на воздухоплови опфатени со стандардот насекаде во светот при инсталирање на потребната опрема во авионот и воспоставување на потребната комуникациска инфраструктура меѓу сите релевантни чинители (вклучувајќи ги и давателите на услуги во воздушниот сообраќај (ATS) и центрите за координација за спасување (RCC)) и (ii) да обезбеди повеќе време за RCC и единиците за ATM да ги подготват и да ги приспособат своите процедури.

---

([1]) Сл. весник. L 212, 22.8.2018 год., стр. 1.

([2]) Регулатива (ЕУ) бр. 965/2012 на Комисијата од 5 октомври 2012 година за утврдување на техничките барања и административните постапки во врска со воздушните операции во согласност со Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот (Сл. весник. L 296, 25.10.2012 година, стр. 1).

(4) Регулатива (ЕУ) бр. 965/2012 затоа треба соодветно да се измени и дополни.

(5) Агенција на Европската Унија за безбедност во воздухопловството подготви нацрт на правила за спроведување и го достави до Европската Комисијата во Мислење бр. 5/2022 во согласност со член 76(1) од Регулативата (ЕУ) 2018/1139.

(6) Барањата утврдени во оваа регулатива се во согласност со мислењето на Комитетот за примена на заедничките безбедносни правила во областа на цивилното воздухопловство утврдени со член 127 од Регулативата (ЕУ) 2018/1139,

ЈА ДОНЕСЕ СЛЕДНАТА РЕГУЛАТИВА:

*Член 1*

Точка CAT.GEN.MPA.210 од Анекс IV (Дел-CAT) од Регулативата (ЕУ) бр. 965/2012 се заменува како што следува:

„CAT.GEN.MPA.210 Лоцирање на воздухоплов во неволја - Авиони

Од 1 јануари 2025 година, Следните авиони мора да бидат опремени со робустна и автоматска опрема со која по несреќа во која воздухопловот е тешко оштетен, точно се одредува позицијата на крајната точка на летот:

(а) сите авиони чија MCTOM е поголема од 27 000 килограми, со MOPSC со повеќе од 19, чие првично уверение за пловидбеност (CofA) е издадено на или по 1 јануари 2024 година; и

(б) сите авиони чија MCTOM е поголема од 45 500 килограми, чие првично Уверение за пловидбеност (CofA) е издадено на или по 1 јануари 2024 година.“.

*Член 2*

Оваа регулатива влегува во сила на дваесеттиот ден по денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската унија*.

Оваа регулатива е целосно обврзувачка и директно применлива во сите земји-членки.

Брисел, 11 ноември 2022 година.

*За Комисијата*

*Претседател*

Урсула ВОН ДЕР ЛЕЈЕН

-----------